# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4994.**

Согласно член 15 став 1 од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/2007, 20/2009, 17/2011, 53/2011 и 69/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.10.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА CARAMBA – ФУНГИЦИД ЗА ОГРАНИЧЕНА И КОНТРОЛИРАНА УПОТРЕБА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува производ за заштита на растенијата CARAMBA – фунгицид со активна материја Metconazol 60/g/l од BASF во количина од седумстотини (700) литри за ограничена и контролирана употреба, на ЗК Пелагонија АД Битола, поради непредвидлива опасност што неможе да се контролира со други производи во период од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-9373/1
29 октомври 2014 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**4995.**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 14 став (1) точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 55/07, 86/08, 139/09 и 135/11), министерот за правда на ден 1.10.2014 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ**

1. На нотарот Љубица Моловска со службено седиште на подрачјето на основните судови на градот Скопје, му престанува службата нотар поради исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон.

2. Решението влегува во сила на ден 20.10.2014 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение на министерот за правда бр. 04-515/1 од 23.2.1998 година, лицето Љубица Моловска е именуван за нотар на подрачјето на основните судови на градот Скопје.

Нотарот Љубица Моловска родена на 20.10.1950 година ги исполнува условите за старосна пензија согласно член 18 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 44/14 и 97/14) од причина што на ден 20.10.2014 година наполнува 64 години живот и 15 години пензиски стаж.

Согласно наведеното, а врз основа на член 14 став (1) точка б) и став (2) од Законот за нотаријатот, министерот за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна од ова решение може со тужба да поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 09-2855/6
1 октомври 2014 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**4996.**

Врз основа на член 27 став (10) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА КОНТРОЛНАТА МАРКА-ЕТИКЕТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на надоместокот за издавање на контролната марка – етикета.

Член 2

Висината на надоместокот за издавање на контролната марка – етикета по примерок изнесува 0,2 денари со вклучен ДДВ.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.18-127/5
7 октомври 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.

---

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**4997.**

По извршениот увид во основниот текст на Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/14), се утврди дека се направени грешки заради што Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, на седницата одржана на 28.10.2014 година, даде

**И С П Р А В К А**
**НА ТАРИФНИКОТ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ОД СТРАНА НА ТРГОВЦИТЕ ПОЕДИНЦИ ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ И ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ**

Во Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/14), во членот 2 реден број 17.2 место сврзникот „и“ треба да стојат зборовите: „електронски комуникациски мрежи и средства и“, а наместо зборот „инфрустуктурни“, треба да стои зборот „инфраструктурни“.

Во редниот број 17.3 во точката 1 по зборот „инфраструктура“, треба да стојат зборовите: „и на електронски комуникациски мрежи и средства“.

Во редниот број 17.3 во точката 2 по зборот „инфраструктура“, треба да стојат зборовите: „и на електронски комуникациски мрежи и средства“.

Исправката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-19122/1
28 октомври 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4998.**

Врз основа на член 8 став 2 и став 3 од Законот за Совет на јавните обвинители на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.150/07) на седумдесетата седницата на Советот одржана на 29.10.2014 година, Советот донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Се избира Петар Аневски за Претседател на Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

II

Мандатот на Претседателот на Советот е во траење од две години без право на повторен избор.

III

Оваа одлука влегува на сила на ден 1.11.2014 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-304/4
29 октомври 2014 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија
Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4999.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4, од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014 и 151/2014), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи („Службен весник на РМ” бр.94/2005, 43/2010, 9/12 и 13/12), постапувајќи по барањето на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, за определување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец октомври 2014 година, на седницата одржана на 30 октомври 2014 година, донесе